**ТТК Банка АД Скопје ја исплати шестата годишна камата на сопствениците на корпоративни обврзници - втора емисија**

ТТК Банка АД Скопје на 16.02.2026 година ја исплати главницата и шестата годишна камата на сопствениците на корпоративни обврзници – втора емисија со ISIN MKTTKS200020 и шифра TTKO2. Пресметката на главницата и каматата е извршена по фиксна каматна стапка од 2,7% на годишно ниво.

Право на исплата на главница и камата имаа сите лица регистрирани во книгата на иматели на корпоративна обврзница - втора емисија во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје заклучно со 13.2.2026 година.

Во февруари 2020 година ТТК Банка АД Скопје ја издаде втората емисија на корпоративни обврзници од коишто за кратко време се запишаа и уплатија 100% од понудените 1.500 обврзници по номинална вредност од 1.000 евра, со рок на доспевање од шест години, а во вкупна вредност од 1.500.000 евра и фиксна каматна стапка од 2,7% на годишно ниво.